Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 03-196/1
14 03 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Согласно член 19, 20, 21,22 и 23 од Законот за заштита на личните податоци (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 42 од 16.02.2020 година), Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на лични податоци (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.294/21 од 27.12.2021 година) и согласно член 31, став 1, алинеја 16 од Статутот на ЈП Градски Паркинг, В.Д. Директорот на Јавното претпријатие Градски Паркинг – Скопје, на ден..... донесе

# УПАТСТВО

**за информирање, остварување право на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци**

Јавното претпријатие Градски паркинг – Скопје (во понатамошниот текст ЈП Градски Паркинг) во рамките на својот делокруг на работење, а со цел извршување на својата основна услужна дејност поврзана со копнениот сообраќај и други дејности во согласност со Закон.

Од аспект на заштитата на обработката на личните податоци, ЈП Градски Паркинг е Контролор на лични податоци, а Субјекти на лични податоци се вработените и сите други субјекти на лични податоци чии лични податоци по било кој основ и на било кој начин (електронски или хартиено) се обработуваат од ЈП Градски Паркинг.

Упатството ги опишува постапките за информирање на субјектот на лични податоци во врска со обработка на собраните лични податоци, поднесување на барање од страна на субјектот на лични податоци за издавање на информации за обемот и целта на обработка на неговите лични податоци, за промена, дополнување или бришење на дел од неговите лични податоци, за запирање на обработка на неговите лични податоци и ограничување на правата.

## 1. Права на субјектот на личните податоци

Кога ЈП Градски Паркинг прибира лични податоци, го информира субјектот на личните податоци за:

-идентитетот на ЈП Градски Паркинг

-целите на обработка

-корисниците или категориите на корисниците на личните податоци

-задолжителноста на давање на одговорите на прашањата

-можните последици ако не се даде одговор

-постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци

Доколку се работи за субјект кој веќе е информиран за работите од став 1, ЈП Градски Паркинг нема обврска за повторно информирање на субјектот на личните податоци.

2. **Барање на информации од страна на субјектот**

Субјектот на лични податоци има право да бара од ЈП Градски Паркинг да го информираат:

-дали врши обработка на неговите лични податоци

-за целите и правниот основ на обработка на личните податоци

-за корисниците на кои им се откриваат податоците

-за изворот на податоци

-за логиката на автоматиизирана обработка, во случај на автоматска обработка која има влијание врз субјектот на личните податоци

Барањето се поднесува во писмена форма на посебен образец бр.1 – **Барање за доставување на информации за обработка на лични податоци**, достапно на Итернет страната на ЈП Градски Паркинг. Барањето се доставува до архивата на ЈП Градски Паркинг и истото потоа се проследува до Офицерот за заштита на личните податоци кој ги собира потребните информации за обработка на личните податоци на субјектот и изготвува одговор на Барањето, кое се доставува во писмена форма во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето на контакт адреса на субјектот на личните податоци.

Доколку ЈП Градски Паркинг еднаш има одговорено на барањето на субјектот на лични податоци, нема обврска повторно да одговара на исто или слично барање на тој субјект, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеци од денот на доставување на предходното барање до ново доставеното барање.

3. **Измена, дополнување или бришење на лични податоци**

По барање на субјектот на личните податоци, ЈП Градски Паркинг има обврска да ги пополни, измени, избрише или да го сопре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со одредбите од овој закон.

Барањето за дополнување, измени или бришење се доставува во писмена форма на посебен образец бр.2 – **Барање за измена, дополнување или бришење на информации за обработка на лични податоци**, истото е достапно и на Интернет страната на ЈП Градски Паркинг.

Барањето се доставува до архивата на ЈП Градски Паркинг и истото потоа се проследува до офицерот за заштита на личните податоци кој ги собира потребните информации за обработка на личните податоци на субјектот и изготвува одговор на Барањето.

За извршеното дополнување, измена или бришење на личните податоци , ЈП Градски Паркинг најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемто на Барањето, односно од денот на утврдување на неточност на податоците, писмено го известува субјектот на личните податоци, корисниците на личните податоци или трети лица на кои им се откриени личните податоци.

4. **Запирање на обработка на личните податоци**

Субјектот на лични податоци има право да побара запирање на обработка на неговите лични податоци, кога личните податоци се обработуваат со цел:

-извршување на работи од јавен интерес или службено овластување на ЈП Градски Паркинг или
-исполнување на легитимните интереси на ЈП Градски Паркинг, трето лице или лице на кое му се откриени, освен ако слободите и правата на субјектот на лични податоци не преовладуваат над таквите интереси.

Барањето се поднесува во писмена форма на посебен образец бр.3 – **Барање за запирање на обработка на лични податоци**, истото е достапно и на Интернет страната на ЈП Градски Паркинг. Барањето се доставува до архивата на ЈП Градски Паркинг и истото се проследува до офицерот за заштита на лични податоци кој ги собира потребните информации за обработка на личните податоци на субјектот и изготвува налог за запирање на обработка на личните податоци на субјектот.

Ова Упатство заедно со образец бр.1, бр.2 и бр.3 како прилог се објавуваат на огласна табла и на Интернет страната на ЈП Градски Паркинг – Скопје.

**В.Д.Дректор**

**Крсте Петревски**

Образец бр.1

# Б А Р А Ње
## за доставување информации за обработка на лични податоци

Јас ______________________________________од __________________________, како субјект на лични податоци барам од контролорот на ЈП Градски Паркинг-Скопје да ме информира за следново:

(Заокружете ја точката од информацијата за која барате одговор)

1.Дали се врши обработка на мои лични податоци
2.за целите и правната основа на обработка на моите лични податоци
3.**корисниците или категориите на корисници** на кои им се откриваат моите лични податоци
4.за личните податоци во врска со субјектот на личните податоци и изворот на податоци
5.за логиката на автоматизираната обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка која има влијание врз мене

Одговорот да ми биде доставен на следната адреса _________________________, или на е-маил адресата______________________________.

Датум                                                                                    Барател

_______________                                                                    _________________

---

Напомена: Правото на субјектот на лични податоци од ова Барање е предвидено во член 19 од ЗЗЛП (Службен весник на РСМ, бр.42/2020 од 16.02.2020 год, 294/2021 од 27.12.2021 год. ) и ЈП Градски Паркинг-Скопје е должен да одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Образец бр.2

**БАРАЊЕ**

**за дополнување, измена и бришење на лични податоци**

Јас ________________________________________од _____________________________, како субјект на лични податоци, барам од контролорот ЈП Градски Паркинг да ги дополни, измени или избрише моите лични податоци и тоа:

(На линиите подолу опишете ја дополната,измената или опишете кои лични податоци барате да Ви бидат изменети или избришани, доколку податоците се нецелосни, неточни и неажурирани, или доколку нивната обработка не е во согласност со одредбите од ЗЗЛП)

______________________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________________

Одговорот на ова барање да ми биде доставено на следната адреса __________________________________, или е-маил адресата __________________________________.

Датум

________________

Барател

______________________

---

Напомена: Правото на субјектот на лични податоци од ова Барање е предвидено во член 20, 21 и 23 од ЗЗЛП (Службен весник на РСМ, бр.42/2020 од 16.02.2020 год, 294/2021 од 27.12.2021 год. ) и ЈП Градски Паркинг е должно да одговори во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Образец бр.3

**БАРАЊЕ**

За запирање на обработка на лични податоци

Јас ______________________________ од ____________________, како субјект на лични податоци, барам од контролорот ЈП Градски Паркинг-Скопје да се сопре понатамошната обработка на моите лични податоци и тоа:

(На линиите подолу опишете ја причината поради која барате запирање на обработка на Вашите лични податоци)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Одговорот на ова барање да ми биде доставено на следната адреса ________________________, или е-маил адресата ________________________.

Датум

________________

Барател

____________________

---

Напомена: Правото на субјектот на лични податоци од ова Барање е предвидено во член 20,21,22 и 23 од ЗЗЛП (Службен весник на РСМ, бр.42/2020 од 16.02.2020 год, 294/2021 од 27.12.2021 год) и ЈП Градски Паркинг е должно да одговори во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.